ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИ

(Закон за заштита на укажувачи (Сл.весник на РМ бр.196/2015, 35/2018, 257/2020) )

Во примена од 18.03.2016

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧОТ

- Согласно со **член 8 и член 9** од Законот за заштита на укажувачи

  - Заштита е обезбедена за укажувачот и *нему блиско лице (*член 2 став 5 ):

  а) од било каков вид на повреда на право,

  б) при утврдување одговорност, санкција, престанок на работен однос, суспензија на работно место, распоредување на друго работно место кое е понеповолно,

  в) дискриминација,

  г) од штетно дејствие или

  д) опасност од настапување на штетни дејствија

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧОТ

1. Заштита се обезбедува **од институцијата**, односно правното лице каде е извршено пријавување со преземање дејствие да се спречи повреда на **правата од работен однос** или на **кое било право** или со воздржување од дејствија со кои се повредува или загрозува било кое право (член 8 став 2)

2. Доколку не е обезбедена заштитата од ставот 2 на членот 8, **укажувачот пријавува** до :

а) ДКСК

б) Народниот правобранител на РМ

в) Инспекцискиот совет

г) МВР

д) ЈОРМ

По пријавата се постапува **без одлагање**, секој орган во рамки на своите надлежности

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧОТ
## Постапка по пријава(член 9)

- Институциите без одлагање бараат **известување од институцијата**, односно правното лице каде е извршено пријавувањето, **за постоење на** било каков вид на **повреда на право** на укажувачот и на членовите на неговото семејство заради извршеното пријавување,
- Институцијата е должна без одлагање, а најдоцна во рок од **8 дена** да достави известување,
- Доколку се утврди повреда на право на укажувачот, член на негово семејство или нему блиско лице од институцијата каде е извршено пријавување, институциите без одлагање упатуваат **писмено барање за итно преземање на мерки за заштита на укажувачот со прекинување на дејствијата и отстранување на пропустите со кои се повредуваат правата**;
- За наодите и преземените дејствија се известува укажувачот;

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧОТ
## Постапка по пријава(член 9)

- Доколку продолжи повредата на правото, без одлагање, а **најдоцна во рок од 8 дена**, покренуваат:
- Иницијатива за поведување на постапка за кривично гонење,
- Иницијатива за поведување на постапка пред надлежни органи за разрешување, распоредување, сменување или примена на други мерки за одговорност на избрани и именувани лица, службени лица или одговорни лица во ЈП и др.правни лица што располагаат со државен капитал

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧОТ
## Посебен случај(член 9 став 6)

- Доколку е пријавено **кривично дело против државата, против човечноста и меѓународното право, од областа на организираниот криминал и за кое со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години,** чиешто **докажување е проследено со несразмерни тешкотии** или **не може да се изврши без исказ на укажувачот** кој поради можната опасност да биде изложен на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем, **не се согласува во својство на сведок да даде исказ**, институциите ***со прибавена писмена согласност од укажувачот*** доставуваат:
- - до Министерството за внатрешни работи или надлежен јавен обвинител **иницијатива** за доставување писмено барање за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци
- - до Јавниот обвинител на Република Македонија иницијатива за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци.

## Поднесени барања за заштита на укажувачи до ДКСК

- Во периодот од 2019 до 2024 година се поднесени **3** барања за заштита од кои две барања се поднесени од ист укажувач во еден ист предмет. Трите барања за заштита, во писмена форма, се доставени во текот на постапувањето по предмети оформени по пријава од укажувач во ДКСК, откако биле преземени конкретни дејствија за проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба.
- **По трите барања** за заштита на укажувачи доставени до ДКСК е **постапено согласно со членот 8 и 9 од Законот за заштита на укажувачи**, односно било побарано од посочената институција веднаш, а најдоцна во рок 8 дена да се произнесе во однос на наводите за постоење на повреда на право на укажувачот и на членовите на неговото семејство, заради извршеното пријавување.
- **Должина на временски период потребен за носење на секоја одлука**

По сите три барања е постапено во роковите утврдени во Законот за заштита на укажувачи. По приемот на секое барање веднаш биле доставувани барања за произнесувања до одговорното лице од институцијата согласно со член 9 од законот, како и биле доставени барања до други надлежни институции заради проверка на наводите во барањето за заштита.

# Детали за поднесените барања за заштита до ДКСК

- Во **првиот случај** укажувачот доставил две барања за заштита, додека се водела постапката по пријавата која била поднесена од негова страна.
- По приемот на првото барање за заштита, ДКСК постапувајќи согласно со член 8 и 9 од Законот за заштита на укажувачи веднаш доставила Барање за произнесување до одговорното лице на пријавената институција, кое не одговорило на ова барање во законски утврдениот рок. Истовремено, биле доставени и барања за надлежно постапување до инспекциски органи (Државниот инспекторат за труд и Државниот управен инспекторат) кои веднаш постапиле по Барањето на ДКСК.
- Од страна на одговорното лице на институцијата било донесено решение за **прераспоредување на укажувачот на работно место оддалечено повеќе од 50 километри** од неговото место на живеење. Инспекциските органи констатирале дека има прекршување на законските одредби од страна на одговорното лице на институцијата за која пријавува укажувачот и побарале од одговорното лице да го поништи актот со кој му се прекршени правата на укажувачот.
- Одговорното лице постапило по налогот на инспекцискиот орган, **го поништило Решението за прераспоредување** на укажувачот и го распореди/врати укажувачот на старото работно место.

# Детали за поднесените барања за заштита до ДКСК

По истек на определено време, истиот укажувач повторно поднесе Барање за заштита до ДКСК, укажувајќи дека одговорното лице од институцијата му се заканува дека ќе поведе дисциплинска постапка за престанок на работниот однос. По неговото барање е веднаш постапено, согласно со член 8 и 9 од Законот за заштита на укажувачи е побарано произнесување од одговорното лице на пријавената институција, кое во законскиот рок дало произнесување. ДКСК доставила и барање за надлежно постапување до инспекциските органи, но одговорното лице на пријавената институција во меѓувреме додека постапувале институциите, му врачува решение за **престанок на работен однос** на укажувачот. Укажувачот побарал судска заштита, повел **работен спор** кој завршил со **враќање на укажувачот на работа**. По ова ДКСК поднесе **иницијатива за кривично гонење против одговорното лице на институцијата** и **иницијатива за утврдување на одговорност**, но постапките се запрени поради смрт на пријавеното лице.

# Детали за поднесените барања за заштита до ДКСК

- Третото барање за заштита е поднесено до ДКСК додека било во тек постапувањето по пријавата од укажувачот. По барањето е постапено веднаш согласно член 8 и 9 од Законот за заштита на укажувачите. ДКСК побара произнесување од одговорното лице на институцијата, кое дало свое образложение дека укажувачот само бил **прераспореден на друго работно место по хоризонтала без промена во висината на плата, заради зголемена потреба од работник во друг сектор**. ДКСК побарала надлежно постапување од инспекциските органи, кои не утврдиле неправилности во постапката при донесување на споменатото решение за прераспоредување на друго работно место. Укажувачот повел **работен спор** пред надлежен суд, кој завршил така што тужбата на укажувачот била одбиена како неоснована.

# Пракса и активности на ДКСК

- ДКСК НЕ ОДБИЛА ДА ПОСТАПУВА ПО БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧ

- ДКСК НЕМА ПОВЕДЕНО ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ за постапување спротивно на одредбите од Законот за заштита на укажувачите. (Чл.20 в.в. чл.9 ст.2)

Пропишан е прекршок за правното лице и за одговорното лице ако постапи спротивно на чл 9 ст.2 , односно ако не постапи и без одлагање не одговори на барањето за достава на известување за постоење на повреда на право на укажувачот

- Државната комисија за спречување на корупцијата во изминатите пет години презема активности во насока на подигање на јавната свест за примена на Законот за заштита на укажувачите, преку редовно одржување на обуки на тема заштита на укажувачите или обуки во рамките на системот на интегритет каде заштитеното пријавување е еден од седумте елементи на политиката на интегритет.

# СУДСКА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ
# ЧЛЕН 10

- (1) Укажувачот има право на судска заштита пред надлежен суд согласно со закон.

**Надлежен е редовен суд во парнична постапка (стварно и месно надлежен)**

**Тужена е институцијата**, односно правното лице каде е извршено пријавување.

(2) Укажувачот може пред надлежен суд со тужба да побара:

- **утврдување** дека е преземено штетно дејствије или е повредено право заради заштитено пријавување;
  - **забрана** на вршење на штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување и повторување на штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување;
  - **поништување** на акт со кое е извршено штетното дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување;
  - **отстранување на последиците** од штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување;
  - **надоместок на материјална и нематеријална штета** заради заштитено пријавување.

- (3) Постапката по тужбата од ставот (2) на овој член е **итна.**
- (4) Во постапката за судска заштита во врска со пријавувањето **дозволена е ревизија.**

# НАДОМЕСТ НА ШТЕТА
# ЧЛЕН 13

- (1) Укажувачот има **право на надомест на штета** што може да ја претрпи тој или нему блиско лица поради заштитено пријавување.
- (2) Барањето за надомест на штета од ставот (1) на овој член се остварува со поднесување на тужба до надлежниот суд.

# ТОВАР НА ДОКАЖУВАЊЕТО
# ЧЛЕН 11

- Во случај на спор за постоење повреда на право на укажувачот и на негово блиско лице заради пријавување, **товарот на докажување е на страна на институцијата**, односно правното лице кое ги повредило правата на укажувачот и на членовите на неговото семејство.

# Ништовност на одредби во договори и акти
# Член 12

- Одредбите во договорите и актите со кои се склучуваат, односно уредуваат **работни односи и работни ангажмани, со кои се забранува пријавување на сомневање или сознание** за казниво дело или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, безбедноста и одбраната или пак **таквото пријавување се дефинира како прекршување на одредби за доверливост, лојалност и професионалност** ***се сметаат за ништовни.***

# Потреба од ефективна заштита на укажувачите

- Укажувачите честопати се предмет на непријателско однесување, закани, притисоци, дискриминација, отпуштање од работното место, вознемирувани лично или членовите на нивните семејства итн.
- Ефикасната заштита на укажувачите од неправично постапување може да ги охрабри луѓето да истапат и да пријават нерегуларности и да изнесат на виделина проблеми кои легитимно ја засегаат јавноста
- Укажувачите имаат важна улога во обелоденување на случаи на корупција, измама, лошо управување и други нерегуларности со што помагаат да се сочуваат јавни средства, да се избегнат и спречат штети, повреда на човековите права, катастрофи итн.
- Заштитата на укажувачите ја зајакнува отчетноста и интегритетот на јавните и на приватните институции
- Потребата од заштита е препознаена во нашата држава со донесување на Законот за заштита на укажувачи
- Во тек е постапка за донесување на нов Закон за заштитено пријавување и заштита на укажувачи, заради усогласување на нашето законодавство со најновите меѓународни стандарди и добри практики, вклучително и со стандардите од ЕУ Директивата 2019/1937.
- По барање на МП, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) изврши антикорупциска проверка на текстот на предлог законот и позитивно го оцени текстот на предлог Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи, а дадените препораки се вградени во текстот на предлог законот.

# Релевантна судска пракса на ЕСЧП за заштита на укажувачите

- Укажувачите можат да поднесат **апликација** (жалба) до ЕСЧП поради повреда на нивното право на слобода на изразување, гарантирано со членот 10 од ЕКЧП
- **ЧЛЕН 10 ОД ЕКЧП**

**Слобода на изразување**

1. *Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата на сопствено мислење и примање и пренесување на информации или идеи без било какво мешање на јавната власт и без оглед на државните граници. Овој член не ги спречува државите да доделуваат лиценци за работа на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос и кината.*

2. *Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и одговорност, може да се подложи на формалности, услови, рестрикции или казни **определени со закон** и **неопходни во едно демократско општество, во интерес на** националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност, за заштита од немири или кривично дело, на здравјето или моралот, репутацијата или правата на другите, за заштита од откривање на доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на правосудството.*

# Релевантна судска пракса на ЕСЧП за заштита на укажувачите

- **ОГРАНИЧУВАЊЕТО НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НЕ ПРЕТСТАВУВА ПОВРЕДА НА ЧЛЕНОТ 10 ОД ЕКЧП, АКО:**

1. Е ПРОПИШАНО СО ЗАКОН
2. ИМА ЛЕГИТИМНА ЦЕЛ (националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност, за заштита од немири или кривично дело, на здравјето или моралот, репутацијата или правата на другите, за заштита од откривање на доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на правосудството)
3. Е НЕОПХОДНО ВО ЕДНО ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО ЗА ДА СЕ ОСТВАРИ ТАКВАТА ЦЕЛ

# АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ

**ГУЈА ПРОТИВ МОЛДАВИЈА (бр.14277/04, 12.02.2008)**

**-Отказ на вработен во сектор за печат при Државно обвинителство поради објавување во медиумите на две писма кои укажувале на незаконито постапување-**

Во рамки на овој случај ЕСЧП утврдил 6 принципи за утврдување дали попречување на правото на лицето на слобода на изразување може да се оправда:

1. Јавниот интерес во обелодената информација,
2. дали лицето имало алтернативни канали за нејзино обелоденување (подискретни средства за корекција на нерегуларноста)
3. Автентичноста на обелоденетите информации
4. Мотивите на лицето (со добра намера)
5. Штетата ако има, претрпена од работодавецот на лицето како резултат на неговото обелоденување и дали таа била поголема од јавниот интерес
6. Сериозноста на санкцијата изречена против лицето и последиците од истата

# АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ

**ХАЈНИШ ПРОТИВ ГЕРМАНИЈА (бр.28274/08, 21.07.2011)**

**-Отказ за медицинска сестра поради кривична пријава против работодавец за сериозни недостатоци во нега на пациенти на геријатрија-**

Во рамки на овој случај ЕСЧП ги применил 6 те принципи од случајот Гуја против Молдавија и утврдил дека сериозноста, тежината на санкцијата изречена против жалителката, најтешка според трудовото право, не само што имала негативни последици по кариерата на жалителката, туку можела да има ефект на ладење (**chilling effect**) за другите вработени да ги обесхрабри да пријавуваат нерегуларнсти во нивната сфера на работа. **Ефектот на ладење** делува негативно на општеството како целина.

# АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ

**БУКУР И ТОМА ПРОТИВ РОМАНИЈА (бр.40238/02, 08.01.2013)**

**„Вработен во романска разузнавачка служба осуден на затвор за повреда на службена тајност поради обелоденување на незаконско прислушување"**

Во рамки на овој случај ЕСЧП ги применил 6- те принципи од случајот Гуја против Молдавија.

Овој случај е особено важен бидејќи со него е утврдено дека **прашањата на националната безбедност не преовладуваат автоматски во однос на слободата на изразување.**

# АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ

**ДЕДЕ ПРОТИВ ТУРЦИЈА (бр.48340/20, 20.02.2024)**

**-Отказ на вработен во банка добиен заради испратена е-пошта која содржи критики за висок извршен директор-**

Во рамки на овој случај ЕСЧП ги применил 6- те принципи од случајот Гуја против Молдавија.

Утврдена повреда на чл.10 од ЕСЧП.

# Ви се заблагодарувам за вниманието!